До

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери**
Трговски центар Буњаковец-Скопје

За претседател

**Г-дин Блашко Димитров**

На внимание и

**Г-дин Димче Атанасовски**
Секретар на КОАИ

**Предмет**- Најава на настан за доделување на CPD-поени поврзан со Годишно собрание на Друштвото за геотехника на Македонија

Почитуван г-дин Димитров

Ве известуваме дека на ден 16.12.2016 година, во Салата за состаноци при Градежниот факултет во Скопје, со почеток од 11 часот, ќе се одржи Годишното собрание на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ).
Имаме особена чест да Ве известиме, дека покрај редовните точки поврзани со Дневниот ред на Собранието, ќе се одржи и повикано предавање на г-дин **Драгош Гаитанару** од Техничкиот Универзитет, Градежен факултет, катедра за хидраулика и заштита на животната средина од Букурешт, Република Романија. Предавањето ќе биде поврзано со COST акцијата Sub-Urban COST (TU1206 SUB_URBAN), односно со **Геолошко и хидрогеолошко моделирање на подземните води** во Букурешт.

Овој настан ќе се вреднува и со соодветен број на **CPD** поени од Комората, па Ве молиме да биде објавен како повик и на web страната на КОАИ со соодветна покана до Членството од Одделението за геотехника.

Во Скопје,
10.12.2016 год.

Член на УО на КОАИ од одделение за геотехника

Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски